**Daikin - акција „Анкета за испитување на задоволството на потрошувачите“**

1.Од 1.04.2018 до 31.10.2018 година, **Daikin Airconditioning Central Europe** („Организаторот / **Daikin Airconditioning Central Europe**“), ќе спроведе Студија за задоволството на потрошувачите како промотивна акција.

2. Акцијата „Анкета за испитување на задоволството на потрошувачите“ („Акција“) ќе се одвива во согласност со условите кои се обврзувачки за сите учесници.

Во рамките на учеството во оваа акција, учесниците се согласни да ги почитуваат нејзините услови и правила.

3. Организаторот го задржува правото, во текот на спроведувањето на акцијата, истата да ја продолжи како што е опишано во чл. 1 од овие правила и услови, но не и пред тоа да го објави јавно, со ставање на располагање на ажурирани информации на секое заинтересирано лице согласно начинот наведен во член 4 и член 19 од овие правила и услови.

**Правила и услови на акцијата**

4. Акцијата ќе трае од 1 април 2018 година до 31 октомври 2018 година, на веб страницата на **Daikin**: www.daikin.mk

Правилата и условите што важат во текот на организацијата и спроведувањето на акцијата бесплатно му се достапни на секој кандидат во текот на кампањата, на веб-страницата на **Daikin** која што е достапна на следниот линк: www.daikin.mk.

Организаторот го задржува правото да ги измени и/или дополни овие правила и услови, но само доколку учесниците однапред се известуваат за секоја промена на некоја од нивните одредби. Сите измени/дополнувања на овие правила и услови ќе бидат содржани во дополнувањата што ќе бидат доставени до јавноста преку ажурирање на правилата и условите на начин опишан во претходниот став.

**Подобност**

5. Сите нови и тековни корисници на **Daikin** може да учествуваат во акцијата доколку кумулативно ги исполнуваат следните услови:

5.1. Ги исполнуваат условите утврдени во член 6 од овие правила и услови.

5.2. Имаат купено најмалку еден **Daikin** сплит или мултисплит клима уред или **Daikin** Altherma топлотна пумпа за станбени цели/употреба, и притоа, купувањето е извршено од 1 јануари 2017 година па натаму.

5.3. Можат да го докажат купувањето на **Daikin** производот со прикажување на фактура што одговара на овој производ со датум од 1 Јануари 2017 до 31 октомври 2018 година. Ќе бидат прикажани само фактурите издадени на поединци додека пак, фактурите издадени на правни лица нема се земат предвид за учество во акцијата.

И

5.4. Одговориле на прашањата од онлајн прашалникот за фидбек достапен на интернет на www.daikin.mk во текот на оваа акција, односно во периодот од 01.04.2018 до 31.10.2018 година.

**„Подобни потрошувачи“**

6. Следните категории на потрошувачи не можат да учествуваат во оваа акција:

- Лица кои што до денот на регистрација во оваа акција немаат наполнето 18 години;

- Вработените кај организаторот, вработените во компании вклучени во дистрибутивниот ланец на **Daikin**, како и членовите на нивните семејства (сопружник, родители, брат/сестра, деца) не може да учествуваат во оваа акција.

При идентификување на лица кои влијаеле или го олесниле освојувањето на наградите од оваа акција од страна на лица кои не ги исполнуваат условите за учество во Акцијата утврдени со овие правила и услови, организаторот има право на суд да побара поврат на средствата како од страна на лицата кои го олесниле учеството на други лица во акцијата, така и на лицата кои неправилно учествувале во акцијата.

Организаторот го задржува правото да го поништи секое учество во оваа акција, а кое е во спротивност со овие правила и услови, и исто така, да не им додели награди на учесниците кои ги прекршиле условите наведени во овие правила и услови. За секое дејствие во насока на поништување на учеството или недавање на наградата поради горенаведените причини, учесникот ќе биде известен по e-mail.

**Награди**

7. Наградите се Apple iPad II производи.

Во рамките на оваа акција ќе бидат доделени вкупно 2 награди.

Наградите ќе бидат доделени согласно механизмот наведен во делот „Механизам на акцијата" од овие правила и услови.

Во рамките на оваа акција еден учесник може да освои само една награда. Доколку учесникот го пополни онлајн прашалникот за фидбек повеќепати, тој ќе се земе предвид само еднаш во текот на извлекувањето на наградите.

Организаторот го задржува правото во текот на Акцијата да ја замени наградата со понова верзија, доколку во моментот на набавката на наградата гореспоменатиот производ „Apple iPad II“ повеќе не е достапен.

**Механизам на акцијата**

8. **Механизам на кампањата.**

Квалификуваните потрошувачи мора кумулативно да ги исполнат условите подолу за да учествуваат во оваа акција:

8.1 Да се имаат регистрирано за пополнување на онлајн прашалникот за фидбек достапен на следниот линк: www.daikin.mk, и да имаат одговорено на сите прашања, исклучиво во текот на времетраењето на Акцијата, односно во периодот од 01.04.2018 до 31.10.2018 година.

Во моментот на регистрација, учесникот ќе обезбеди име и e-mail контакт, а исто така, може да го прикачи и документот што го потврдува купувањето на **Daikin** производот. Доколку учесникот во оваа фаза не се одлучи да го прикачи овој документ, тој ќе биде должен да го достави до организаторот најдоцна до 3 ноември 2018 година, во спротивно учеството нема се смета за валидно за време на извлекувањето на наградите на 15 ноември 2018.

Учесниците изјавуваат дека податоците обезбедени во моментот на регистрација за пополнување на онлајн прашалникот за фидбек се точни и се обврзуваат да не користат туѓи податоци со цел зголемување на шансите за добивање награда. Доколку организаторот открие било каков обид за измама во овој поглед, тој ќе го дисквалификува учесникот и, доколку наградата е доделена, ќе ја побара наградата, без да биде одговорен за било каква штета предизвикана од страна на учесникот како резултат на побарувањето. Доколку победникот добронамерно ја оттуѓил на трето лице, организаторот има право да бара и да добие од учесникот износ што е еднаков на вредноста на доделената награда, како што е наведено во член 7 од овие правила и услови.

**И**

8.2. Најдоцна до 3 ноември 2018 година да може да докаже дека **Daikin** производот е купен врз основа на фактура издадена во периодот од 01.01.2017 до 31.10.2018 година.

Доказ за набавка на **Daikin** производ ќе може да се обезбеди преку испраќање на скенирана копија од фактурата или гарантниот лист со документи што ќе ги идентификуваат и лицето и купениот производ од страна на учесникот. За фактурата да се земе предвид за вклучување на учесникот во наградната игра, неопходно е да се идентификуваат податоците обезбедени при регистрацијата за пополнување на прашалникот и податоците внесени во фактурата.

8.3 Со комплетирање на онлајн прашалникот за фидбек, секој учесник се согласува доброволно да ги обезбеди потребните лични податоци и се согласува истите да ги стави на располагање на организаторот со цел организирање на учеството во акцијата, објавување на победниците, доделување на награди и исполнување на законските обврски, без притоа да бидат откриени на трети лица (освен доколу е потребно податоците да се откријат за организирање на акцијата, доделување награди и исполнување на законските обврски). Доколку учесниците дале посебна согласност, организаторот ќе може да ги користи нивните лични податоци за директен маркетинг во согласност со одредбите од член 17, став 4 подолу.

**9. Одредување на победниците**

9.1. Во рамките на оваа акција, ќе бидат доделени вкупно 2 награди кои ќе бидат во вид на Apple iPad II производи согласно член 7.

9.2. Доделувањето на наградите понудени во рамките на акцијата ќе биде направено со случајно извлекување на 15 ноември 2018 година со помош на https://www.random.org/ апликацијата. Апликацијата https://www.random.org/ е интернет платформа каде може да се генерираат случајни податоци врз основа на информациите што ги доставува организаторот.

Во периодот од 3 ноември 2018 до 15 ноември 2018 година, организаторот ќе ги внесе имињата или e-mail адресите на учесниците кои ги исполниле сите горенаведени услови согласно член 8.1. во апликацијата https://www.random.org/, што ќе резултира со генерирање на 2 имиња или e-mail адреси на назначените победници.

По извлекувањето организирано преку https://www.random.org/c, секој учесник назначен како победник ќе ја добие понудената награда од оваа акција односно еден Apple Ipad II производ и согласно член 14 подолу, ќе биде официјално објавен од страна на **Daikin Airconditioning Central Europe** за време на затворањето на акцијата.

**10. Прогласување и доделување на наградите**

10.1. По извлекувањето, победниците ќе бидат индивидуално известувани исклучиво по e-mail на e-mail адресата што е наведена при пополнувањето на онлајн прашалникот за фидбек во рок од 10 календарски дена од официјалното соопштение на локалната веб-страница на **Daikin** согласно член 14 од овие правила и услови, и ќе биде побарано да наведат физичка поштенска адреса на која што сакаат да им биде испорачана наградата, и телефонски број за известување.

10.2. Наградите ќе бидат доставени со курирска служба на сметка на **Daikin Airconditioning Central Europe**, во согласност со општите услови утврдени од страна на курирската служба. Победникот мора да одговори во рок од најмногу 10 календарски дена по добивањето на поединечна e-mail порака. Доколку победникот не реагира во согласност со горенаведеното, тој, во рок од 10 календарски дена по добивањето на поединечното известување, ќе го загуби правото да ја прими наградата. Во овој случај, наградата ќе остане во сопственост на организаторот.

10.3. Организаторот нема да биде одговорен во случај каде номинираниот победник не може да се контактира бидејќи наведените податоци при регистрацијата во оваа акција се целосно или делумно неточни.

11. Секој победник ќе ја добие наградата на наведената адреса во рок од 30 дена по доставувањето на потребните податоци за испорака до **Daikin Airconditioning Central Europe**. Доколку учесникот не се наоѓа на наведената адреса за испорака и не го добие доставениот пакет од страна на курирската служба, тогаш тој добива рок од 10 дена по добивањето на известувањето да ја подигне наградата од центарот за подигнување на пратки назначен во известувањето. Во ваков случај, **Daikin Airconditioning Central Europe** не сноси одговорност да обезбеди втора испорака на наградата до победникот.

12. Наградите ќе им бидат доделени на оние лица што го имаат пополнето онлајн прашалникот за фидбек, ја имаат доставено неопходната документација за докажување на набавка на производ/и согласно член 8 погоре и кои што се извлечени како победници при извлекувањето што ќе се одржи помеѓу 3 и 15 ноември 2018, без било каква друга формалност.

13. Победниците не може да подигнат паричен износ во вредност на наградата.

14. По завршувањето на акцијата и спроведеното извлекување, но не подоцна од 20 ноември 2018 година, победниците и доделените награди ќе бидат објавени на локалната веб-страница на: www.daikin.mk

**ПРАВА И ОБВРСКИ**

15.1. **Daikin Airconditioning Central Europe** не сноси одговорност за одложената испорака или неиспорака на награди во следниве ситуации: а) наградата не може да се додели или да се достави поради тоа што победникот и/или неговиот претставник не може да биде идентификуван и/или да ја добие наградата до одредениот датум или пак, поради други технички и/или правни пречки во однос на победникот и/или неговиот/нејзиниот претставник/застапник; и б) кога наградата не може да се достави поради виша сила, регулаторни или правни ограничувања или други околности.

15.2. **Daikin Airconditioning Central Europe** не сноси одговорност за неможноста да се учествува во акцијата поради појава на ситуации вон нивна контрола - случаи на виша сила, случајни настани, дефекти на глобалната мрежа на интернет услуги од трети лица што е вон контрола на организаторот.

15.3. **Daikin Airconditioning Central Europe** нема да сноси одговорност за обиди за учество во акцијата што се извршени вон назначениот период односно, вон периодот од 01.04.2018 до 31.10.2018 година.

15.4. **Daikin Airconditioning Central Europe** нема да сноси одговорност за задоцнетото доставување на наградата од страна на курирската служба.

15.5. **Daikin Airconditioning Central Europe** нема да сноси одговорност за било каква штета претрпена од било кој победник и/или трета страна во врска со оваа награда. Учесниците разбираат и го прифаќаат фактот дека **Daikin Airconditioning Central Europe** не сноси одговорност за било какви оштетувања или повреди претрпени од страна на учесниците или предизвикани на трети лица како резултат од користењето на наградата. Доколку именуваните добитници страдаат од повреда како резултат на нормална употреба на наградата, тие ќе треба да се обратат кај производителот согласно информациите наведени во гарантниот лист, што може да се види и преземе од веб-страницата на производителот на следниот линк: www.apple.com/en.

15.6. **Daikin Airconditioning Central Europe** во ниту еден случај и на било кој начин не сноси одговорност за било каква директна или индиректна штета што ќе произлезе од учеството во оваа акција.

15.7 **Daikin Airconditioning Central Europe**, преку известување објавено на веб-страницата www.daikin.mk има неотуѓиво право да ја суспендира акцијата во секое време, доколку открие злоупотреби, повреди на правилата или други околности кои бараат престанок на кампањата. Во такви околности **Daikin Airconditioning Central Europe** нема да им должи надомест на учесниците кои претрпеле директна/индиректна материјална/нематеријална штета или загуба/профит како резултат на прекинувањето на акцијата.

**ЗАМЕНА И ОТКУП НА НАГРАДИТЕ**

16. Сите награди се номинални и не можат да се пренесат на трети лица пред да бидат примени.

**ПРИВАТНОСТ**

17.1. Акцијата се спроведува во согласност со барањата и прописите за заштита на личните податоци. Организаторот како оператор на лични податоци се обврзува, соглано Регулативата за заштита на личните податоци, да собира, чува и обработува личните податоци што учесниците ги даваат во анкетата, за следните цели: спроведување на анкетата, организирање на учество во акцијата, објавување на победниците, доделување награди и исполнување на законските обврски, како и пренос на маркетинг материјали (до степен до кој учесниците се изјасниле за тоа во смисла на член 17 став 4 подолу). Организаторот изјавува и гарантира дека личните податоци на поединците (на пр., името, презимето, e-mail адресата, адресата на живеење) нема да се обработуваат за други цели освен оние наведени во оваа регулатива. Само до оној степен кој е неопходен за исполнување на законските обврски во областа на оданочување, организаторот може да побара сериски број и број на документот за идентификација и матичен број што му припаѓа на победникот на акцијата.

17.2. Личните податоци на учесниците може да се достават до договорните партнери на организаторот на кампањата (кои ќе ги обработуваат податоците во согласност со упатствата на организаторот), други договорни партнери, компании во истата група со организаторот, надлежните органи, во согласност со важечкиот закон и јавноста (во врска со победниците). Организаторот може да пренесува лични податоци во други земји во рамките на Европската унија (на пример, други компании во истата група). Организаторот треба да ги преземе сите неопходни мерки за да осигура дека личните податоци се соодветно заштитени, без оглед на тоа каде треба да се пренесат.

17.3. Со учеството во оваа анкета и доброволното обезбедување на лични податоци на организаторот, во зависност од изразената опција за маркетинг комуникација, учесниците даваат согласност нивните податоци да се регистрираат во базата на податоци на организаторот, при што, тој или правните лица овластени од негова страна ќе ги обработуваат и користат во иднина за да ги информираат учесниците за нови производи, понуди, промоции, рекламни и маркетинг кампањи. Организаторот се обврзува да ги избрише податоците на учесниците кои не се изјасниле за таа опција.

17.4. Доколку учесниците изразиле посебна согласност за тоа, организаторот ќе ги користи личните податоци за директен маркетинг за да им обезбеди на учесниците информации за други идни активности, за да испраќа реклами, информативни и /или промотивни материјали и/или примероци од страна на организаторот, други групи компании или договорни партнери. Организаторот секогаш ќе го почитува изборот за контакт на учесниците, вклучувајќи ја и опцијата за повеќе да не добиваат промотивни пораки доколку учесниците се одлучиле за оваа опција. Во секое време може да се направи увид во овие параметри.

17.5. Секој учесник има право на пристап и уредување на своите лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци. Секој учесник има право од операторот на лични податоци преку info@almakos.mk да побара во писмена форма да се избришат, корегираат или блокираат било кои лични податгоци чија обработка не е во согласност со законските одредби. Учесниците, исто така, имаат право да се спротивстават на обработка на нивните лични податоци од легитимни и разумни причини во согласност со законските прописи (во однос на обработката на податоците за целите на директен маркетинг, бесплатно и без оправдување), како и право да се обратат до Националниот надзорен орган за обработка на лични податоци или надлежниот суд.

17.6. Одбивањето да ги доставите вашите лични податоци според условите пропишани овде, или погрешното/нецелосно доставување на тие податоци, подразбира дека не можете да учествувате во оваа акција.

**ГРЕШКИ ВО ПРОМОТИВНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ**

18. Во случај на неконзистентност помеѓу одредбите споменати во рекламните материјали и овие правила и услови, ќе важат одредбите на овие правила и услови.

ДРУГИ ОДРЕДБИ

19.1. Учесниците во акцијата мора да ги почитуваат одредбите на овие правила и услови кои се објавени на веб-страницата www.daikin.mk. **Daikin Airconditioning Central Europe** го задржува правото да ги менува или дополнува овие правила и услови во секое време. Промените ќе стапат на сила по нивното објавување на веб-страницата www.daikin.mk. Со учество во акцијата, учесниците се предмет на правилата и условите и се согласни да ги почитуваат истите.

19.2. Споровите помеѓу организаторот и учесниците ќе се решаваат спогодбено.